План за спроведување

на проценка на влијание на регулативата

| | |
|---|---|
| **Наслов на предлог законот:** | Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност |
| **Министерство:** | Министерство за финансии |
| **Лице за контакт/одговорно лице:** | Ленче Тагасовска, раководител на Сектор за финансиски систем<br><br>тел:3106-746 |
| **Очекуван датум за усвојување на предлог законот:** | март, 2011 година |
| **Поврзаност со ЕУ директиви** | / |

## Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата

### А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

### 1. Кои се главните проблеми?

Владата на Република Македонија со заклучок на својата Сто и педесетта седница, одржана на 07.04.2010 година усвои пакет од петнаесет мерки за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија. На Сто и шеесеттата седница одржана на 18.05.2010 година, Владата на Република Македонија усвои динамика за поднесување на предлог-законите за измена и дополнување на законите согласно мерките за унапредување на казнената политика, меѓу кои и на Законот за хартии од вредност.

При анализа на висината на глобите пропишани за направени прекршоци согласно Законот за хартии од вредност се утврди дел од прекршоците кои се со различна тежина групирани се во една група, на пример група на најтешки прекршоци иако сите не се со иста тежина, поради што се утврди дека е потребно нивно прегрупирање согласно тежината на прекршокот. Исто така се утврди дека дел од пропишаните глоби во Законот за хартии од вредност можат да претрпат корекции односно нивно намалување.

Од таа причина, во предлог законот се предвидува рангирање на прекршоците во три групи и тоа, прекршоци од прв ранг за кои е предвидена ниска глоба, прекршоци од втор ранг за кои е предвидена средна глоба и прекршоци од трет ранг за кои е предвидена висока глоба. Исто така, се воведува и единствен износ на висината на глобата за прекршоците од прв ранг со цел да се олесни начинот на казнување, при што ќе се обезбеди еднаков третман за сите субјекти од страна на овластените лица за спроведување на надзор и ќе се постигне исто ниво на казна за направен ист прекршок. Понатаму со измената за некои од прекршоците од трет ранг кои се третираат како најтешки прекршоци, покрај глоба е предвидено и изрекување на дополнителна прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност на одговорното лице во правното лице.

Исто така со Предлог законот потребно е да се извршат и измени во одделни членови од постоечкиот закон со кои се уредува реализацијата на приватната понуда, продажбата на сопствени акции, обврската за доставување на извештаите за сопственост на хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност и обврската за доставување на ценовно чувствителните информации до Комисијата заради нивно објавување. Вака предложените измени се во насока на натамошно усогласување на Законот за хартии од вредност со Законот за трговски друштва и Законот за општа управна постапка, како и натамошно подобрување на текстот на законот во насока на следење на состојбата на пазарот на хартии од вредност во

Република Македонија .

**2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

Основни решенија на предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност се:

-соодветно групирање на глобите во зависност од нивната тежина и нивна поделба во три групи и тоа, прекршоци од прв ранг за кои е предвидеа ниска глоба, прекршоци од втор ранг за кои е предвидена средна глоба и прекршоци од трет ранг за кои е предвидена висока глоба,

- воведување на единствен износ на глоба за прекршоци од прв ранг,

- намалување на висината на глобите,

-воведување на нови прекршоци кои не биле предвидени во законот, а за кои постоел основ за изречување на прекршок,

- изрекување на дополнителна прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност на одговорното лице во правното лице за дел од сторените прекршоци од трет ранг кои се третираат како потешки прекршоци,

- дополнување на дефиницијата за приватна понуда,

- измена во членовите кои ја уредуваат продажба на сопствени акции,

- дополнување на обврската за доставување на извештаите за сопственост на хартии од вредност од страна на член на надзорен, управен одбор или одбор на директори на акционерски друштва кои треба да се достават до Комисијата за хартии од вредности и доставување на ценовно чувствителни информации од страна на акционерските друштва до Комисијата, не само заради нејзини потреби во постапката на контрола и надзор, туку и заради нивно објавување со цел запознавање на пошироката јавност и обезбедување поголема транспарентност на ценовно чувствителните информации.

- воведување на одредби за Постапка на порамнување и доставување на платен налог за прекршувачите на Законот за хартии од вредност согласно Законот за прекршоци и

- воведување на одредби за застареност на прекршоците и застареност на извршувањето на прекршочните санкции за утврдени прекршоци во Закон за хартии од вредност, а во насока на усогласување со Законот за прекршоци.

**3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

Засегнати страни со Законот се: акционерските друштва издавачи на хартии од вредност со кои се тргува на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, брокерски куќи, брокери, Централен депозитар, Македонска берза и други субјекти кои подлежат на изрекување на прекршочни санкции од страна на Комисијата за хартии од вредност согласно Законот за хартии од вредност.

## Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

### 1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Достапни се податоци за вкупен износ на изречени и наплатени глоби согласно Законот за хартии од вредност од моментот на формирање на прекршочната комисија во рамки на Комисијата за хартии од вредност. Согласно добиените податоци од страна на Комисијата за хартии од вредност по години состојбата е следна:

- во 2008 година Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија нема изречено глоби;
- во 2009 година Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија има донесено вкупно 4 решенија за изрекување на глоба во вкупен износ на изречените глоби од 12.000 Евра;
- во 2010 година Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија има донесено вкупно 24 решенија за изрекување на глоба во вкупен износ на изречените глоби од 96.000 Евра.

Од вкупните изречени глоби, наплатени се две глоби изречени во 2009 година во вкупен износ од 5.000 Евра. Глобите изречени во 2010 година не се наплатени, од причина што по дел од донесените решенија во тек е постапка по тужба пред Управниот суд на РМ, а за останатите се чека информација од Управниот суд на РМ дали против нив е поднесена тужба или иститe станале конечни.

### 2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

/

### 3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Ќе се спроведе иницијална проценка на влијанието на регулативата.

### 4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

-не

Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси

В. Временска рамка

**1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?**

**2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?**

-не е потребно вклучување на надворешни консултанти

**3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?**

- декември 2010 година

**Г. Ресурси**

**1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?**

/